# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**за реализирани активности по Програмата за млади на општина Крива Паланка во 2025 година**

Извештајот за реализација на Програмата за млади на општина Крива Паланка за 2025 година се однесува на целокупниот ангажман и заложба на општината за подобрување на статусот на младите во локалната заедница, вклучувајќи го и нивното учество во креирање на локалните политики, но и иницирање на младински активизам за нивен посериозен ангажман во различни активности, согласно нивните можности и потреби. Општина Крива Паланка е една од малкуте општини во државата кои подготвуваат и реализираат програма за млади, која директно се однесува за излегување во пресрет и подобрување на статусот на младите во локалната заедница. Во изминатата година општината со должно внимание се фокусираше на потребите на младата популација, заради креирање на ефективни и ефикасни мерки за подобрување на нивниот статус во општеството. Активностите беа воглавном референцирани од Програмата за млади за 2025 година, согласно одредбите од Законот за младинско учество и младински политики, но и Статутот и можностите на општината. Постојана комуникација и соработка беше остварена со постоечкиот Локален младински совет, кој заедно со службеникот за млади проактивно се работеше на задоволување на интересите на младите. Одделението за локален економски развој и евроинтеграции, преку службаникот за млади имаше отворена канцеларија во текот на целата година за младински иницијативи и потреби, кои беа вградени и имплементирани во скоро сите програми на општината.

Во претходниот период успешно се финишираше последното поглавје од проектот Регионалната програма за локална демократија во Западен Бакан 2 (ReLOaD 2) од Програмата на обединетите нации (УНДП), во кое фокусот на активностите од проектите беа на потребите на младите за обезбедување на две катчиња за собирање на младите.

Младите преку Локалниот младински совет, но и преку училишната заедница при СОУ Ѓорче Петров беа вклучени во буџетскиот форум, каде даваа активен придонес при креирање на Буџетот на општината за 2026 година.

Локалниот младински совет , формиран во 2024 година, беше сериозен партнер на општината во делот на реализација на Програмата за млади. Претставници од Локалиот совет на млади беа редовно присутни на седниците на Советот на општината, каде и самите поднесоа своја програма за работа за 2025 и 2026 година, што беше усвоена од Советот на општината.

Голем број од културните настани во 2025 година беа креирани и реализирани во соработка со претставниците на Локалниот младински совет, а младите беа најмногубројни учесници на сите општински културни настани.

Општината ги поддржуваше младите и со субвенции по повеќе основи, за купување на велосипеди, дигитални уреди, парични надоместоци за матуранти, за запишани ученици



☎ +389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

INTERCERT CERTIFIED ISO 9001

во прва година во локалната гимназија, за превоз на студенти и други мерки за подобрување на статусот на младите.

Во соработка со Заедничкиот технички секретаријат од Ќустендил, во рамки на одбележувањето на 35 години постоење од Европската програма за прекугранична соработка, група ученици од СОУ Ѓорче Петров учествуваше во чинот на одбележување на програмата, преку учество во повеќе забавни и едукативни настани и натпревари.

Младите од градот, предводени од Локалниот младински совет ја спроведоа и солидарната акција за собирање на помош за семејствата на настраданите во дискотеката Пулс во Кочани, но и учествуваа во други акции од забавен и хуманитарен карактер.

Дополнително во месец август, младите на иницијатива и организација на ЛМС, организираа турнир во мал фудбал.

Општината на својата web страна редовно ги информираше младите и ги дополнуваше информациите поврзани со млади. Како Општина ги помагавме и поддржавме локалните млади, кои рекреативно се занимаваат со спорт со што беа обезбедени по 2 (два) термини за бесплатно користење на услугите во спортските објекти со претходно поднесено online барање и тоа за

-спортска сала Бранители
-тенискиот терен како дел од спортскиот комплекс

Програмата за млади за 2025 година предвидуваше и стимулативни мерки за млади каде преку јавни повици и според претходно утврдените правилници од Советот на Општина Крива Паланка беше доделена финансиска помош

- за купен дигитален уред за студенти со поднесени 2 барања - одобрени 1 барања;
- за купен дигитален уред за млади невработени лица со поднесено 2 барање - одобрено 1 барање;
- за купен велосипед за млади со поднесени 4 барања – одобрени 4 барања.

Имплементацијата на Програма за млади покажа дека на младите им треба поддршка и помош за реализиација на нивните иницијативи и потреби, но и едукативни мерки за подобрување на нивниот статус во заедницата, со што ќе се зголеми нивниот придонес за подобрување на квалитетот на живеење на целата заедница.

**Одделение за економски развој и евроинтеграции**

**ТАБЕЛАРЕН ПРИЛОГ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**НА ПРОГРАМАТА ЗА МЛАДИ ЗА 2025 ГОДИНА**

| 1 | **ПОСТИГНАТА ЦЕЛ:** Обезбедување на услови за личен, професионален и социјален развој на младите | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Реализирана задача /проект** | **Реализирани активности** | **Временски период на реализација** | **Постигнати резултати / родови индикатори** | **Реализиран Буџет мкд** |
| **стимулативни мерки за млади** | финансиска помош за купен дигитален уред за студенти | јули - октомври | 1 студент | 6.666 ден |
| | финансиска помош за купен дигитален уред за невработени лица до 29 години | јули - август | 1 момче | 9.999 ден |
| | финасиска помош за купен велосипед за млади | јануари - октомври | 4 девојчиња | 14.044 ден |
| | обезбедени термени за користење на спортските објекти | февруари - декември | 10 момчиња<br>9 девојчиња | / |

| 2 | **ЦЕЛ:** Поттикнување на активно учество на младите во креирањето на локалните политики и развој на општественииот живот | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Реализирана задача /проект** | **Реализирани активности** | **Временски период на реализација** | **Постигнати резултати / родови индикатори** | **Реализиран Буџет мкд** |
| | - присуство на претставник на ЛМС на седници на Совет на Општина Крива Паланка | јануари - декември | присуство на членови од ЛМС на 5 седници | / |
| | - учество на млади во буџетски форум | ноември - декември | 15.16 % од учесниците се млади | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | поднесени иницијативи, идеи од страна на млади | јануари - декември | реализирани 1 иницијативи | / |
| | | | | |
| **Вкупен буџет** | | | | **30.709,00 ден** |

Датум/место
Крива Паланка, 20/02/2026 година

Изработил/функција/потпис

Раководител на одделение